# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ
## За период јануари - март 2020 година

АЛКАЛОИД АД Скопје, во периодот јануари-март 2020 година оствари позитивни финансиски резултати, искажани во неревидираните единечен и консолидиран биланс на успех.

**Сметководствени политики и методи на вреднување**

Во 2020 година нема промени во сметководствените политики и методи на вреднување на позициите во финансиските извештаи на АЛКАЛОИД АД Скопје.

**Вкупни приходи**

Остварените единечни вкупни приходи во периодот јануари-март 2020 година изнесуваат 2.591.714 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2019 година бележат пораст од 21%. Во структурата на вкупните приходи најголемо учество, 97%, имаат приходите остварени со продажба на производи и на услуги, кои во споредба со остварените во 2019 година бележат пораст од 19%.

Остварените консолидирани вкупни приходи во периодот јануари-март 2020 година изнесуваат 3.477.228 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2019 година бележат пораст од 20%. Во структурата на вкупните приходи, најголемо учество, 97%, имаат приходите остварени со продажба на производи и на услуги, кои во споредба со остварените во 2019 година бележат пораст од 19%..

**Вкупни расходи**

Остварените единечни вкупни расходи во периодот јануари-март 2020 година изнесуваат 2.306.459 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2019 година бележат пораст од 23%.

Остварените консолидирани вкупни расходи во периодот јануари-март 2020 година изнесуваат 3.118.430 илјади денари и во споредба со остварените во истиот период во 2019 година бележат пораст од 22%.

**Дивиденда**

На 6 април 2020 година, на Годишното собрание на акционерите, е одобрена пресметка и исплата на бруто-дивиденда за 2019 година, во износ од 515.287 илјади денари, односно 324 денари нето за една акција.

**Инвестиции**

Вкупните инвестиции во основни средства во периодот јануари-март 2020 година изнесуваат 275.562 илјади денари.

**Обврски по основа на кредити**

Вкупните консолидирани обврски по основа на кредити на 31.03.2020 година изнесуваат 768.453 илјади

**Вработени**

Во периодот јануари-март 2020 година во „Алкалоид“ се реализирани 56 нови вработувања во Р.С.Македонија. Со одлука на Управниот одбор на АЛКАЛОИД АД Скопје, во март 2020 година е одобрен и исплатен регрес за користење годишен одмор на вработените во компанијата, во висина од 29.687 денари бруто, односно 26.718 денари нето.

**Поважни позиции од билансот на успех**

Остварените единечни и консолидирани резултати од работењето за периодот јануари-март 2020 година, структурата, динамиката и споредбите со остварувањата во претходната година се прикажани во следните табели:

**Единечни продажби на готови производи и услуги**

**(Во 000 Ден)**

| | 2020 | | 2019 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **20/19** |
| Домашен пазар | 708.987 | 28 | 675.898 | 32 | 105 |
| Странски пазар | 1.800.786 | 72 | 1.425.175 | 68 | 126 |
| **Вкупно:** | **2.509.773** | **100** | **2.101.073** | **100** | **119** |

**Консолидирани продажби на готови производи и услуги**

**(Во 000 Ден)**

| | 2020 | | 2019 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Пазар** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **20/19** |
| **Домашен пазар** | **950.996** | **28** | **904.202** | **32** | **105** |
| Југоисточна Европа | 1.203.253 | 36 | 886.090 | 31 | 136 |
| Русија и други земји во ЗНД | 365.268 | 11 | 297.175 | 10 | 123 |
| Западна Европа (ЕУ и ЕФТА) | 767.673 | 23 | 684.579 | 24 | 112 |
| Други земји (САД, Турција и др.) | 80.728 | 2 | 61.430 | 2 | 131 |
| **Вкупно странски пазари** | **2.416.922** | **72** | **1.929.274** | **68** | **125** |
| **Вкупно:** | **3.367.918** | **100** | **2.833.476** | **100** | **119** |

Од вкупните консолидирани продажби, 72% се остварени на странските пазари. Најголем пораст кај извозните пазари е остварен во Југоисточна Европа (раст од 36%). Русија и другите земји во ЗНД бележат раст од 23%, САД раст од 39%, земјите од Западна Европа раст од 12% итн. Повисокиот раст на продажбите во првиот квартал од 2020 година делумно се должи на подигнувањето на безбедносното ниво на залихи на лекови кај голем број наши клиенти и тоа, пред сè, на извозните пазари, што беше особено значајно за нив во отежнатите услови за транспорт на стоки.

**(Во 000 Ден)**

| | 2020 | | 2019 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| **Групи на производи** | **Износ** | **%** | **Износ** | **%** | **20/19** |
| Антибиотици | 713.895 | 21 | 547.818 | 19 | 130 |
| ОТЦ препарати | 742.854 | 22 | 559.295 | 20 | 133 |
| Кардиолошки препарати | 452.195 | 13 | 476.740 | 17 | 95 |
| Невролошки препарати | 409.613 | 12 | 372.645 | 13 | 110 |
| Останати линии | 282.365 | 8 | 260.648 | 9 | 108 |
| **Вкупно производи - Алкалоид** | **2.600.922** | **77** | **2.217.146** | **78** | **117** |
| Трговска стока | 330.041 | 10 | 255.462 | 9 | 129 |
| Услуги и останати приходи | 18.902 | 1 | 10.271 | 0 | 184 |
| **Вкупно Фармација** | **2.949.865** | **88** | **2.482.879** | **88** | **119** |
| **Вкупно Хемија** | **80.148** | **2** | **67.814** | **2** | **118** |
| **Вкупно Козметика** | **220.028** | **7** | **189.814** | **7** | **116** |
| **Вкупно Билкарство** | **117.877** | **3** | **92.969** | **3** | **127** |
| **Вкупно:** | **3.367.918** | **100** | **2.833.476** | **100** | **119** |

**Поважни позиции од билансот на успех (продолжение)**

**Добивка пред финансиски трошоци, даноци и амортизација (ЕБИТДА)**

(Во 000 Ден)

| | 2020 | | 2019 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | % во Продажби | Износ | % во Продажби | 20/19 |
| Единечна ЕБИТДА | 460.989 | 18 | 422.771 | 20 | 109 |
| Консолидирана ЕБИТДА | 541.246 | 16 | 490.981 | 17 | 110 |

**Нето добивка**

(Во 000 Ден)

| | 2020 | | 2019 | | Инд |
|---|---|---|---|---|---|
| | Износ | % во Продажби | Износ | % во Продажби | 20/19 |
| Единечна Нето добивка | 256.095 | 10 | 247.476 | 12 | 103 |
| Консолидирана Нето добивка | 314.486 | 9 | 294.542 | 10 | 107 |

Остварената единечна нето-добивка во 2020 година изнесува 256.095 илјади денари и во споредба со остварената во 2019 година бележи зголемување за 3%.

Остварената консолидирана нето-добивка во 2020 година изнесува 314.486 илјади денари и во споредба со остварената во 2019 година бележи зголемување за 7%.

**Проценка на менаџментот и очекувања за претстојниот период**

Во изминатиот период друштвото се соочи со голем број интерни и екстерни предизвици и новонастанати ризици, генерирани од пандемијата на COVID 19.

Како последица на преземените мерки за спречување на ширењето на вирусот од страна на Владата на РСМ, повеќе од 200 вработени од ризичните категории не се во можност да ги извршуваат своите работни обврски од работните места. Понатаму, со цел намалување на ризиците од загрозување на бизнис-континуитетот, обезбеден е систем на ротации, со цел дел од вработените повремено да ги извршуваат своите работни задачи во домашни услови. Целосно е отежнато и ограничено извршувањето на сите теренски маркетинг-активности. Освен со организациски, се соочуваме и со екстерни предизвици. За издвојување се логистичките предизвици. Имено, се соочивме со многу чести и непредвидливи промени во коридорите и со разни други отежнувања во транспортот, со нови процедури и мерки, со застои на граничните премини и тоа речиси во сите земји каде што вршиме испорака на наши производи или снабдување со влезни компоненти. Постоеја и целосни забрани за движење во одредени периоди, на пример во Кина и во Индија. Исто така, се забележа и тренд на пораст на цените на поголем број суровини и репроматеријали, како и нагласена потреба од брза наплата на обврските кон странските добавувачи.

Ние во „Алкалоид“ презедовме голем број мерки во досегашниот период, со цел неутрализирање на сите негативни ефекти, без притоа да се загрози здравјето на вработените и успешното работење на друштвото, и успеавме да обезбедиме брза и ефикасна реорганизација на главните процеси на работењето, навремено обезбедување на потребните репроматеријали и, воедно, соодветно покривање на зголемените нарачки за нашите производи. Со тоа обезбедивме и пораст на вкупните консолидирани приходи од продажби, во првиот квартал од годината, од 19%, со дури 25% пораст на извозните приходи, кој, пред сè, беше резултат на подигнување на безбедносното ниво на залихи на лекови кај голем број наши клиенти, што беше особено значајно за нив во отежнатите услови за работење.

Во претстојниот период очекуваме во текот на вториот и на третиот квартал да дојде до одредено балансирање на нивото на залихите кај нашите купувачи, како и до намалување на порастот на приходите од продажби во однос на почетниот квартал. Одржувањето на тековната ликвидност, секако, останува потенцијален предизвик и добива врвен приоритет. Гледано глобално, постепеното олеснување на мерките, рестартирањето на производните капацитети во разни индустрии, воспоставувањето на новите правила и процедури за функционирање во овие сложени услови влеваат надеж дека, иако во многу поотежнати околности, условите за работење полека ќе се подобруваат. Очекуваме резултатите од работењето на друштвото до крајот на годинава да се движат во рамките на веќе зацртаните плански цели за 2020 година.